ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr 14/24-3
05-08-2024 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, согласно член 88 од Законот за судовите, член 13 и член 112 вв член 61 од Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на ден 05.08.2024 година, ја донесе следната:

***О Д Л У К А***
***за изменување и дополнување на***
***Годишен распоред за работа на судските службеници***
***во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година***
***Су-03 бр. 14/24 од 09.01.2024 година***
***Су-03 бр. 14/24-1 од 21.05.2024 година***
***Су-03 бр. 14/24-2 од 24.06.2024 година***

**Член 1**

Во **Глава VI, точка II, во ставот 1,** точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „и врши работни задачи во Одделот за граѓански дела и постапува по предмети во Одделот за граѓански дела по задолжение на Претседателот на советот."

**Член 2**

Во **Глава VI, точка XXIII**, се менува и гласи:

„Во Одделот за граѓански дела, работите и работните задачи како водител на писарницата ќе ги врши **Билјана Китановска,** виш судски референт."

**Точка XXIV**, се менува и гласи:

„Во случај на отсуство или спреченост на водителот на писарницата **Билјана Китановска,** виш судски референт, за заменик се определува **Мерима Џигал,** помлад судски соработник."

**Член 3**

Во **Глава VI**, **точката XXVI,** се менува и гласи:

„**Мерима Џигал,** помлад судски соработник се распоредува во писарницата на Одделот за граѓански дела.“

**Член 4**

Во **Глава VI**, **точката XXVII,** се менува и гласи:

„**Шпензије Османи,** помлад судски соработник, се распоредува во писарницата на Одделот за судење во разумен рок.

Во Одделот за судење во разумен рок во случај на отсуство или спреченост на водителот на писарницата **Жаклина Георгиева**, самостоен судски референт, за заменик се определува **Шпензије Османи,** помлад судски соработник.“

**Член 5**

Во **Глава VI**, **точката XXXI,** се менува и гласи:

„**Весна Јаневска,** самостоен судски референт, се распоредува во дактилобиро и ќе врши анонимизација и објавување на судски одлуки на веб страницата страната на Судот.“

**Точката XXXII,** се менува и гласи:

„Во случај на отсуство и спреченост за заменик на Весна Јаневска, самостоен судски референт, се определува **Ангелина Стрејова,** самостоен судски референт.“

*Образложение*

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија донесе Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред на судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Македонија Су-03 бр. 14/24 од 09.01.2024 година, а поради успешно реализирање на Годишниот план за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, организација на судската служба и вработените во судот во насока на ефикасно вршење на работните задачи согласно програмските цели во делот на човековите ресурси.

При донесување на Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот распоред на судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Македонија, во предвид се зема и престанокот на работниот однос на двајца судски службеници Драгица Богатинова самостоен судски референт - водител на граѓанска писарница и Светлана Насевска - виш судски референт, на кои им е престанат работниот однос по сила на закон поради исполнување на услови за старосна пензија заклучно со ден 31.07.2024 година.

Поради горе наведеното, Претседателот  Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми донесе Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Макдонија Су-03 бр. 14/24 од 09.03.2024 година.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА  ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Беса Адеми**

**Д.Н.**- Претседателот
- Судиите
- Стручни судски службеници
- водители на писарници
- сметководство
- ИТ центар
- архива